# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 6/2018 Пробиштип 08.02.2018 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

### За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.6 одржана на ден 06.02.2018 година, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување на извештај од реализиран попис на основни средства, опрема, инвнтар, материјали,обврски, побарувања, хартии од вредност и парчни средства на благајната на Општина Пробиштип со состојба на ден 31.12.2017 година бр. 26-139/3
2. Одлука за усвојување на квартален извештај за остварување на Буџетот на Општина Пробиштип за период од 01.01 до 31.12.2017 година бр. 26-139/4
3. Заклучок за ревизија бр. 26-139/4-1
4. Одлука за усвојување на план за запишување на ученици во СОУ Н.Н.Борче во учебната 2018/2019 бр. 26-139/5
5. Одлука за усвојување на извештај за работата на ТППЕ Пробиштип за 2017 бр. 26-139/6
6. Одлука за укинување на одлука за за отстапување на недвижен имот и раскинување на договор за отстапување на недвижен имот во сопственост на ЈКП Никола Карев бр. 26-139/7
7. Одлука за престанок на трајно користење на недвижен имот сопственост на општина Пробиштип бр. 26-139/8
8. Одлука за ажурирање на Процена за загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности бр. 26-139/9
9. Одлука за пристапување на Општина Пробиштип како со-основач на здружение за локален рурален развој-Локална кциона група (ЛАГ) ,,Брегалница,, за општините Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица и Пробиштип бр. 26-139/10

10. Одлука за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статут на ОУ Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип бр. 26-139/11
11. Одлука за утврдување на режимот на сообраќајот во населено место Злетово бр. 26-139/12
12. Заклучок за сообраќајот во Злетово бр. 26-139/12-1
13. Одлука за отварање на приемна-информативна канцеларија на ЕВН Македонија во Пробиштип бр. 26-139/13
14. Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистичка документација за вон населено место за КО Бунеш за изградба на рибник бр. 26-139/14
15. Заклучок по барање од Зоки Стоилков бр. 26-139/15-1
16. Заклучок по барање од Богоротка Салтирова бр. 26-139/15-2
17. Заклучок по барање од Панче Горгиев бр. 26-139/15-3
18. Заклучок по барање од Иле Тодосов бр. 26-139/15-4
19. Заклучок по барање од Катерина Поп Димитровска бр. 26-139/15-5
20. Заклучок по барање од Марина Крстева бр. 26-139/15-6
21. Заклучок по барање од Светлана Антониева бр. 26-139/15-7
22. Заклучок по барање од Стевчо Митевски бр. 26-139/15-8
23. Заклучок по барање од Ацо Миланов бр. 26-139/15-9
24. Заклучок по барање од Анка Митева бр. 26-139/15-10

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-139/17
08.02.2018година
Пробиштип

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и ), а во врска со член 21 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.61/2002, бр.98/2002 , бр.81/2005, бр.24/2011, 145/2015 и 170/2017) и согласно со одредбите од член 29 и 35 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Службен Весник на РМ бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) како и врз основа на Правилникот за попис на општина Пробиштип, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 06.02.2018 година ја усвои следната:

## О Д Л У К А

за усвојување на Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип за 2017 година со состојба на ден 31.12.2017 година

Член 1

Се усвојува Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2017 година со состојба на ден 31.12.2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Извештајот од реализиран попис на постојните средства, ситниот инвентар, материјалите, побарувањата, обврските, хартии од вредност и парични средства на жиро сметките и благајната на општина Пробиштип во 2017 година со состојба на ден 31.12.2017 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2017 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, ја донесе следната :

ОДЛУКА

За усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година

Член 1

Се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Пробиштип за периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.

Член 2

Планираните и остварени приходи односно извршените расходи по видови се искажани во билансот на приходите и расходите и тоа како што следува во дадените прилози.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на

општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година разгледувајќи го Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Пробиштип за периот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Да се изврши ревизија на работењето на предходниот градоначалник и тоа резвизија на финансиското работење на Општина Пробиштип и на изградените објекти во Општина Пробиштип .
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/4-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на општина Пробиштип распраавјки по предлог - планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2018/2019 година, на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За усвојување на План за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2018/2019 година

Член 1

Се усвојува Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ "Наум Наумовски – Борче" од Пробиштип за учебната 2018/2019 година и тоа:

- Гимназиско образование.......................................................... 3 паралелки, 102 ученици, македонски наставен јазик

- Спортска гимназија .................................................................. 1 паралелека, 34 ученици, македонски наставен јазик

Машинска струка-ИВ степен: Машински техничар
- Машинско енергетски техничар ......................................... 1 паралелка, 34 ученици, македонски наставен јазик
- Техничар за компјутерско управување............................. 1 паралелка, 34 ученици, македонски наставен јазик

Геолошко-рударска и металуршка струка-ИВ степен:
- Геолошко-рударски техничар ..............................................1 паралелка, 34 ученици, македонски наставен јазик

Член 2

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 31.01.2017 година, ја донесе следната :

О Д Л У К А
за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за периодот за 2017 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2017 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на територијалната противпожарна единица Пробиштип 2017 година бр. 19-116/1 од 25.01.2018 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За укинување на одлука за отстапување на недвижен имот и раскинување на Договор за отстапување на недвижен имот во сопственост на ЈКП Никола Карев Пробиштип

Член 1

Одлуката за отстапување на недвижен имот бр. 26-239/7 од 15.03.2017 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.56/2017 се укинува.

Член 2

Договорот склучен помеѓу Општина Пробиштип и ЈКП Никола Карев Пробиштип за отстапување на недвижен имот во сопственост на ЈКП Никола Карев бр. 03-308/3 од 27.03.2017 година и солемнизиран кај нотар Лидија Илиевска за подрачје на основен суд Штип по ОДУ бр. 209/7 од 19.07.2017 година, да се раскине.

Член 3

Да се склучи спогодба помеѓу Општина Пробиштип и ЈКП Никола Карев за раскинување на Договорот за отстапување на недвижен имот во сопственост на ЈКП Никола Карев која ќе биде основ за пренесување на правото на сопственост на недвижниот имот од ЈКП Никола Карев на Општина Пробиштип и тоа:
Имотен лист бр.4748 за КО Пробиштип

- Колективна зграда на КП 549 /1 на ул.Доне Божинов , бр..на зграда 7, влез 1 , кат приземје, со површина од 96м2
- Колективна зграда на КП 549 /1 на ул.Доне Божинов , бр..на зграда 8, влез 1, кат приземје, со површина од 324м2
- Колективна зграда на КП 549 /1 на ул.Доне Божинов , бр..на зграда 9, влез 1, кат приземје, со површина од 26м2
- Помошна просторија на КП 549 /1 на ул.Доне Божинов, бр..на зграда 11, влез 1, кат приземје , со површина од 35 м2
- Колективна зграда на КП 549 /1 на ул.Доне Божинов , бр..на зграда 9, влез 1, кат приземје , со површина од 26м2
- Стан на КП број 562/2 на ул.Плавица број 4 со бр. зграда 1, влез 1 , кат приземје , број 1 со површина од 36м2
- Стан на КП бр 562/3 на ул.Плавица број 2, бр. зграда 1 , влез 1, кат приземје , бр.1 со површина од 53м2
- Стан на КП 562/4 на ул.Плавица бр.4, бр.на зграда 1, влез 1 , кат приземје, бр.1 со површина од 32м2
- Стан на КП 562/5 на ул.Плавица бр.6, бр.на зграда 1, влез 1 , кат приземје, бр.1 со површина од 52м2
- Помошна просторија на КП 562/6 на ул.Плавица , бр.на зграда 2, влез 003, кат приземје, бр.000 со површина од 12 м2
- Помошна просторија на КП 562/6 на ул.Плавица , бр.на зграда 2, влез 006 , кат приземје, бр.000 со површина од 12 м2
- Стан на КП 562/8на ул.Доне Божинов, бр.на зграда 1, влез 1 , кат приземје, бр.1 со површина од 61м2

Член 4

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-139/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самуправа (Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 32 од Статутот на оОпштина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип

бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За престанок на трајно користење на недвижен имот
сопственост на Општина Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука престанува трајното користење и стопанисување на недвижен имот на досегашниот корисник ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Недвижниот имот даден на трајно користење и стопанисување на ЈКП Никола Карев се враќа на Општина Пробиштип и тоа:

1. Имотен лист бр.4748 за КО Пробиштип

- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 1, влез 1 , кат 1 , со површина од 249м2
- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 1, влез 1 , кат 2 бр.1 , со површина од 228м2
- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 1, влез 1 , кат приземје , со површина од 186 м2
- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 1, влез 1 , кат подрум , бр 1 , со површина од 11 м2
- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 1, влез 1 , кат подрум , , со површина од 174м2
- Колективна зграда на КП 977 /1 на ул.Јордан Стојанов , бр 8 , бр..на зграда 2, влез 1 , кат приземје , со површина од 42м2

2. Имотен лист бр. 376 за Катастарска општина Добрево и тоа
   - Колективна зграда на КП бр.1734 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат приземје, бр.1 со површина од 4м2
   - Колективна зграда на КП бр.1734 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат приземје, бр.1 со површина од 149м2
   - Колективна зграда на КП бр.1734 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат 01, бр.2 со површина од 161м2
   - Колективна зграда на КП бр.1734 во Добрево бр на зграда 2 , влез 1, кат приземје со површина од 62 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1734 во Добрево бр на зграда 2 , влез 1, кат 01 , бр.1 со површина од 129 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат 01 , бр.3 со површина од 55 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат 01 , бр.4 со површина од 46 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат 01 , бр.5 со површина од 48 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат 01 , бр.6 со површина од 56 м2
   - Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , со површина од 38 м2

- Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.1 со површина од 9 м2
- Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.1 со површина од 72 м2
- Колективна зграда на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.2 со површина од 50 м2
- Помошна просторија на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.2 со површина од 9 м2
- Помошна просторија на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.3 со површина од 5 м2
- Помошна просторија на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.4 со површина од 5 м2
- Помошна просторија на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.5 со површина од 6 м2
- Помошна просторија на КП бр.1741 во Добрево бр на зграда 1 , влез 1, кат ПР , бр.6 со површина од 9 м2.

Член 3

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-139/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 10, член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 14, став 1 од Уредбата за методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности („Службен весник на РМ“ бр. 13/2011), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на 06.02.2018 година, донесе:

ОДЛУКА
за редовно ажурирање на Процената на загрозеноста на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности

Член 1

Со Одлуката се отпочнува постапка за редовно ажурирање на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности.

Ажурирањето на Процената за загрозеност на подрачјето на општина Пробиштип од сите ризици и опасности ќе се врши во координација со надлежниот Регионален центар за управување со кризи.

Оваа Одлука да се достави до Подрачното одделение Регионален центар за управување со кризи Пробиштип

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе со објави во „Службен Гласник на општина Пробиштип“.

Број 26-139/9
06.02.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за Локална Самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/2002), и член 15 став 1 од Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) а во врска со член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробишти (Службен гласник на Општина 4/2005, 25/2014 и 29/2015), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на 06.02.2018 година донесе:

ОДЛУКА
за пристапување на Општина Пробиштп како соосновач на
Здружение за локален и рурален развој – Локална Акциона Група (ЛАГ)
"БРЕГАЛНИЦА" за општините Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница,
Македонска Каменица и Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука Општина Пробиштип пристапува како соосновач на Здружение за локален развој на рурални средини ЛАГ "БРЕГАЛНИЦА" за општините Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Македонска Каменица и Пробиштип, со седиште кое ќе се одреди со Статутот на Здружението.

Член 2

Со донесување на оваа одлука Општина Пробиштип станува соосновач на Здружението кое ќе настојува да прерасне во признаена и регистрирана Локална Акциона Група (ЛАГ) во рамки на единствениот регистар за евиденција на Локални акциони групи при Министерството за заемјоделство, шумарство и водостопанство.

Се овластува Градоначалникот на Општина Пробиштип ќе делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на Собранието и телата на Здружението за локален развој на рурални средини ЛАГ "БРЕГАЛНИЦА" .

Член 3

Со донесување на оваа Одлука Општина Пробиштип ги остварува следните права и обврски:

- Да учествува во работата на органите и телата на Здружението.
- Да покренува дискусии и прашања од делокруг на работа на Собранието на Здружението за остварување на стратешките и програмски цели, мерки, активности и задачите на Здружението.
- Да се придржува кон одредбите на Статутот на здружението.
- Да дава поддшка и учествува при обезбедувањето на материјално и финансиско работење на Здружението.
- Да учествува во спроведувањето на сите ставови и заклучоци донесени од органите и телата на Здружението.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Пробиштип.".

Број 26-139/10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите (Службен Весник на РМ бр.32/2005, 120/2005, 51/2011) и член 21 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година донесе :

ОДЛУКА

За давање Согласност на Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип

Член 1

Се дава Согласност на Статутарната одлуката за изменување и дополнување на Статутот на општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа Согласност е Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на општинската установа Дом на култура „Злетовски Рудар„ Пробиштип бр. 01-22/1 од 29.01.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 а во врска со член 22 став 2 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Пробиштип бр. 4/2005, 24/14 и 29/15) а по барање на граѓаните од населено место Злетово бр. 26-129/1 од 29.01.2018 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За регулирање на режимот на сообраќајот во населено место Злетово

Член 1

Со оваа одлука се регулира режимот на сообраќајот во населено место Злетово, Општина Пробиштип.

Член 2

Режимот на сообраќајот ќе се регулира на начин што ќе се поставаат сообраќајно технички средства за забавување на сообраќајот на улицата Македонија на неколку места кои ќе бидат утврдени согласно Елаборат за регулирање на сообраќајот во Злетово и во близина на основното училиште во Злетово.

Да се поставаат сообраќајни знаци за ограничување на брзината и сообраќајни знаци за забрането паркирање на улицата Македонија.

Сообраќајот во населено место Злетово се регулира заради зголемување на безбедноста на пешаците и на возачите во Злетово.

Член 3

Да се преземат сите потребни мерки согласно Законот за јавните патишта и Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата за регулирање на режимот на сообраќајот во населено место Злетово.

Член 4

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-139/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002 , разгледувајќи го барањето на граѓаните од населено место Злетово бр. 26-129/1 од 29.01.2018 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

З А К Л У Ч О К

1. Да се побара од МВР Полициска станица Пробиштип да врши почести сообраќајни контроли на улицата Македонија во Злетово во смисла на непочитување на брзината и недозволено паркирање од страна на учесниците во сообраќајот.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/12-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Пробиштип (Службен Гласник на Општина Пробиштип

бр.4/2005, 24/2014 и 29/2015) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
За отварање на приемна-информативна канцеларија
на ЕВН Македонија во Пробиштип

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата на граѓаните од Општина Пробиштип за отварање на приемна-информативна канцеларија на ЕВН Македонија АД Скопје во Пробиштип.

Член 2

Општина Пробиштип да ги преземе сите потребни мерки за поднесување на барање и директни средби со претставници на ЕВН Македонија АД Скопје за решавање на прашањето со приемна канцеларија во Пробиштип.

Член 3

Одлуката стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробииштип.

Број 26-139/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21 став 1 точка 44 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), а во врска со член 21 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година расправајки по Иницијативата за изработка на урбанистички план за вон населено место бр. 26-146/1 од 30.01.2018 година поднесена од Миле Моневски од Пробиштип, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за прифаќање на Иницијатива за изработка на Урбанистички план за вон населено место

Член 1

Се прифаќа Иницијативата за за изработка на Урбанистички план за вон населено место за КП бр. 1914/24, 1914/25, 1914/26, 1914/27, 1914/28, 1914/29, 1914/30, 1914/31, 1914/32, 1914/33,1 914/34 за КО Бунеш со намена за изградба на рибник, поднесена од Миле Моневски ул. Миро Барага 6б. Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е иницијативата за изработка на урбанистички план за вон населено место бр. 26-146/1 од 30.01.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Зоки Стоилков ул. Корушка бр.1 Пробиштип, бр. 26-152/1 од 31.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Зоки Стоилков ул. Корушка бр.1 Пробиштип, бр. 26-152/1 од 31.01.2018 година за одобрување на еднократна финансиска помош заради те сложени и тешки оперативни зафати ѕе прифаќа и се одобруват 15.000 денари како категорија на лице изложено на сложени оперативни зафати.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/15-1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Богоротка Салтирова ул. Маршал Тито бр.66 Злетово, бр. 26-163/1 од 01.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Богоротка Салтирова ул. Маршал Тито бр.66 Злетово, бр. 26-163/1 од 01.02.2018 година за одобрување на парична помош за покривање на погребални трошоци за нејзиниот сопруг, се прифаќа барањето и се одобруват 3.000 денари како категорија на лице корисник на социјална помош.
2. Се упатува барателот до Центарот за социјални работи да поднесе барање за добивање на еднократна парична помош.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-139/15-2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Панче Горгиев ул.Ацо Скопјанче бр.9 Пробиштип, бр. 26-108/1 од 24.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Панче Горгиев ул.Ацо Скопјанче бр.9 Пробиштип, бр. 26-108/1 од 24.01.2018 година за ажурирно решавање на предмет за легализација на негов сосед, се разгледа. Се задолжуват службите во општината да преземат мерки за решавање на спорниот предмет согласно законот во законски предвидениот рок.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/15-3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Иле Тодосов ул.Јане Сандански бр.29 Злетово, бр. 26-136/1 од 30.01.2017 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Иле Тодосов ул.Јане Сандански бр.29 Злетово, бр. 26-136/1 од 30.01.2017 година за ослободување од данок на имот за 2018 година како згрижувачко семејство на три малолетни деца, не се прифаќа бидејќи барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/15-4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Катерина Поп Димитровска ул.Доне Божинов бр.13 Пробиштип, бр. 26-60/1 од 12.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Катерина Поп Димитровска ул.Доне Божинов бр.13 Пробиштип, бр. 26-60/1 од 12.01.2018 година за одобрување на еднократна парична помош како награда за талентиран спортист серазгледа. Согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на еднократна парична помош по барања поднесени до Општина Пробиштип не може да се одобрат средства по основот за кој вие барате. Општина Пробиштип ги цени вашите постигнати резултати во коршарката и истите ќе ги има во предвид кога ќе се одлучува за избор на спортист на годината.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/15-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Марина Крстева ул.Доне Божинов бр.61 Пробиштип, бр. 26-94/1 од 22.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Марина Крстева ул.Доне Божинов бр.61 Пробиштип, бр. 26-94/1 од 22.01.2018 година за одобрување на еднократна парична помош за нострификација на диплома, се одбива бидејки не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-139/15-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Светлана Антониева ул. Пониква бр.59 Злетово, бр. 26-114/1 од 25.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Светлана Антониева ул. Пониква бр.59 Злетово, бр. 26-114/1 од 25.01.2018 година за одобрување на средства за лекување на дете, се одбива бидејки не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-139/15-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Богоротка Салтирова ул. Маршал Тито бр.66 Злетово, бр. 26-163/1 од 01.02.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Стевчо Митевски с. Долни Стубол, бр. 26-973/1 од 25.12.2017 година за одобрување на еднократна финансиска помош како лице без никакви парични примања со три малолетни деца се прифаќа и се одобруват 3.000 денари како категорија на лице изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-139/15-8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
06.02.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина

Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Миланов Ацо од с.Добрево, бр. 26-89/1 од 22.01.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Миланов Ацо од с.Добрево, бр. 26-89/1 од 22.01.2018 година за одобрување на финансиска помош за лекување од тешка болест се прифаќа и се одобруват 3.000 денари катгеорија на лице корисник на социјална помош и лице изложено на социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-139/15-9
06.02.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 06.02.2018 година, расправајќи по барањето од Анка Митева ул. Даме Груев бб Пробиштип, бр. 26-59/1 од 12.01.2018 година, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Анка Митева ул. Даме Груев бб Пробиштип, бр. 26-59/1 од 12.01.2018 година за одобрување на финансиски средства како самохрана мајка, се одбива бидејки не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип

Број 26-139/15-10
06.02.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---